**20161703865**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 100 став (4) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИТЕ И НОРМАТИВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВИТЕ ЗА ДЕЦА

Член 1

Во Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/14, 40/14, 136/14 и 71/15), членот 17 се менува и гласи:

„(1) Просторијата за изолација е со површина од најмалку 6,0 м2, а за детска градинка со мал капацитет може да биде со површина од најмалку 5,0 м2 или истата да е во склоп на административната просторија, одделена со параван.

(2) Просторијата за изолација е наменета за тукушто разболено дете, одделена од просториите за престој, меѓутоа треба да е поврзана со простор во кој постојано присуствува вработено лице.“

Член 2

Во член 21 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За детска градинка од мал капацитет заедничката просторија од ставот (1) на овој член може да биде со површина од најмалку 6,0 м2 .“

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6 и (7).

Член 3

Во член 23 по ставот (14) се додава нов став (15) кој гласи:

„(15) За детската градинка од мал капацитет наместо просториите од ставовите (12), (13) и (14 ) може да има една просторија со површина од најмалку 10 м2.

Ставот (15 ) станува став (16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-5905/3
1 септември 2016 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов**, с.р.